# А-Интегрирана еколошка дозвола

**Име на компанијата**
Друштво за вработување на инвалидни лица за производство трговија и услуги СИРМЕС-ТД извоз-увоз ДОО с.Башино село, Велес
**Адреса**
Населено место без уличен систем бр.1/Лака Башино село
Велес

Број на дозвола УП1-11/3-171/2023

{Бр}

**Министерство за животна средина и просторно планирање**
Плоштад на Пресвета Богородица бр.3
1000 Скопје

# Содржина

А-Интегрирана еколошка дозвола ..... i

Содржина ..... ii

Вовед ..... vii

Дозвола ..... 1

1 Инсталација за која се издава дозволата ..... 2

2 Работа на инсталацијата ..... 4
2.1 Техники на управување и контрола ..... 4
2.2 Суровини (вклучувајќи и вода) ..... 5
2.3 Техники на работа ..... 7
2.4 Заштита на подземните води ..... 7
2.5 Ракување и складирање на отпадот ..... 8
2.6 Преработка и одлагање на отпад ..... 11
2.7 Енергетска ефикасност ..... 12
2.8 Спречување и контрола на несакани дејствија ..... 12
2.9 Бучава и вибрации ..... 13
2.10 Мониторинг ..... 14
2.11 Престанок на работа ..... 15
2.12 Инсталации со повеќе оператори ..... 16

3 Документација ..... 17

4 Редовни извештаи ..... 18

5 Известувања ..... 18

6 Емисии ..... 21
6.1 Емисии во воздух ..... 21
6.2 Емисии во почва ..... 22
6.3 Емисии во вода (различни од емисиите во канализација) ..... 23
6.4 Емисии во канализација ..... 25
6.5 Емисии на топлина ..... 27
6.6 Емисии на бучава и вибрации ..... 28

7 Пренос до пречистителна станица за отпадни води ..... 29

8 Услови надвор од локацијата ..... 30

9 Програма за подобрување ..... 31

10 Договор за промени во пишана форма ..... 35

Додаток 1 ..... 36

Додаток 2 ..... 37

Речник на користени поими

| | |
|---|---|
| **Аеросол** | Суспензија на цврсти и течни честички во гасен медиум. |
| **Атмосферска вода** | Дождовна вода што дотекува од покриви и места каде што не се одвиваат процесите. |
| **Барање** | Барањето поднесено од страна на Операторот за оваа дозвола |
| **БПК** | Биолошка потрошувачка на кислород за 5 дена |
| **ГВЕ** | Гранични вредности на емисија |
| **ГИЖС** | Годишен извештај за животна средина |
| **Годишно** | Приближно во интервали на 12 месеци Период или дел од период од 12 последователни месеци |
| **Градежен отпад и отпад од рушење** | Отпад што потекнува од градење, реновирање и рушење: глава 17 од националниот каталог на отпади или како што е договорено на друг начин. |
| **Гранични вредности на емисија** | Масата, изразена во смисла на одредени специфични параметри, концентрацијата и/или нивото на испуштање, кои не смеат да бидат надминати во текот на еден или повеќе временски периоди. |
| **Граница за масен проток** | Гранична вредност на емисија која е изразена како максимална маса на една супстанција што може да биде емитирана во единица време. |
| **dB(A)** | Децибели |
| **Ден** | Секој период од 24 часа |
| **Денски** | Периодот од 08.00 до 22.00 (сите промени треба да се одразат на дефиницијата за “ноќно време”). |
| **Дневно** | За време на сите денови од работата на инсталацијата и во случај на емисии, кога емисиите се одвиваат ; со најмалку едно мерење во било кој еден ден. |
| **Договор** | Писмен договор |
| **Документација** | Секој извештај, запис, податок, слика, предлог, интерпретација или друг документ во писмена или електронска форма кој се бара со оваа дозвола. |
| **Двегодишно/ биенално** | Еднаш на секои две години |
| **Еколошка штета** | Согласно дефиницијата за еколошка штета во член 5 од Законот за животна средина |

| | |
|---|---|
| **Зелен отпад** | Отпадно дрво (не вклучувајќи импрегнирано дрво), растителни материјали како што е откос од трева и друга вегетација. |
| **I.S.EN** | Интернационален стандард ЕН |
| **Инцидент** | (i) итен случај;<br>(ii) секоја емисија што не е во согласност со условите од оваа дозвола;<br>(iii) секое надминување на дневниот капацитет на опремата за ракување со отпад;<br>(iv) секое ниво, дадено во ова дозвола, а е достигнато или надминато, и<br>(v) секоја индикација дека загадување на животната средина се случило или може да се случи. |
| **Индустриски не опасен отпад** | Согласно дефиницијата за “индустриски не опасен отпад“ од член 6 од Законот за управување со отпад: Индустриски не-опасен отпад е отпадот што се создава при производс-твените процеси во индустријата и не содржи опасни карактеристики, а според својствата, составот и коли-чеството се разликува од комуналниот отпад; |
| **Инсталација** | Согласно дефиницијата за “инсталација“ од член 5 од Законот за животна средина :<br>- во однос на интегрираните еколошки дозволи, е неподвижна техничка единица каде што се вршат една или повеќе пропишани активности и активности кои се непосредно поврзани со нив, а кои би можеле да имаат ефект врз емисиите и врз загадувањето;<br>- во однос на спречувањето и контролата на хавариите со учество на опасни супстанции, инсталација е техничка единица во рамките на еден систем во кој се произведуваат, употребуваат, складираат или се ракува со опасни супстанции. Таа ја вклучува целокупната опрема, објекти-те, цевководите, машините, алатките, приватните железнички споредни колосеци, станиците за истовар кои ја опслужуваат инсталацијата, складовите или сличните градби, потребни за работа на инсталацијата. |
| **ИСКЗ** | Интегрирано спречување и контрола на загадувањето |
| **ИСО** | Интернационална организација за стандарди |
| **К** | Келвин (единица мерка за температура). |
| **Капацитет/ опрема за задржување** | Опрема наменета за задржување на евентуално истечен материјал, собирници. |
| **kPa** | Кило Паскали. |

| | |
|---|---|
| **Квартално** | Цел или дел од период од три последователни месеци, почнувајќи од првиот ден на Јануари, Април, Јули или Октомври. |
| **Leq** | Еквивалентно континуирано ниво на звук |
| **Локација чувствителни на бучава (ЛЧБ)** | Секоја резидентна куќа, хотел или хостел, болници, училишта, верски објекти, или било други места и објекти за кои е потребно отсуство на бучава со нивоа кои предизвикуваат непријатност. |
| **МДКе** | Максимална дозволена концентрација на загадувачки материи во гасовите кои се емитираат. |
| **Месечно** | Минимум 12 пати во текот на една година, приближно во месечни интервали. |
| **Надлежен орган** | Тело одговорно за издавање на ИСКЗ дозволи |
| **НДТ** | Најдобри достапни техники |
| **Неделно** | За време на сите недели од работата на инсталацијта и во случај на емисии, кога има емисија; со минимум едно мерење во било која недела. |
| **Ноќно време** | Од 22.00 до 08.00 часот |
| **Одржува** | Чување во добра состојба, вклучувајќи и редовна инспекција, сервисирање, калибрација и поправки доколку се потребни, со цел адекватно да извршува функцијата. |
| **Оператор** | Согласно дефиницијата за “Оператор” од член 5 од Законот за животна средина: - секое правно или физичко лице кое врши професионална активност, или врши активности преку инсталацијата и/или ја контролира, или лице на кое му се доверени или делегирани овластувања за донесување економски одлуки во однос на активноста или техничкото работење, вклучувајќи го и носителот на дозволата или овластување за таквата активност, односно лицето кое е задолжено да регистрира или алармира за активноста. |
| **Полугодишно** | Целиот или дел од периодите од 6 последователни месеци |
| **Постројка** | Секое место или простор употребен за преработување или пак третман на отпадот. |
| **Праг за масен проток** | Количина на масен проток, над која се применува ограничување со МДК. |
| **ПРЕО** | Проценка на ризикот од еколошка одговорност |
| **Прилог** | Секое повикување на Прилог од оваа дозвола се однесува на прилози поднесени како дел од оваа дозвола |

| | |
|---|---|
| **Примерок** | Доколку контекстот на оваа дозвола не кажува нешто спротивно, примерокот ќе вклучи мерење со електронски инструменти. |
| **ПСОВ** | Пречистителна станица за отпадни води |
| **ПУЖС** | Програма за управување со животната средина |
| **ПУРЗ** | План за управување со ризикот по затворање |
| **Работни часови** | Часови/време во кое инсталацијата има дозвола/е овластена да работи. |
| **РИПЗМ** | Регистер на испуштање и пренос на загадувачки материи. |
| **РК** | Растворен кислород |
| **СЧ** | Суспендирани честички |
| **Санитарен/ комунален ефлуент** | Отпадни води од тоалетите, местата за миење и кантината во инсталацијата. |
| **Слика** | Секое повикување на слика или број на слика значи слика или број на слика содржани во барањето, освен ако не е на друг начин договорено. |
| **Соодветно осветлување (светло)** | 20 лукса, мерено на ниво на почва |
| **Стандардна Метода** | Национална, европска или интернационално признаена процедура (пр. I.S. EN, ISO, CEN, BS или еквивалентно). |
| **СУЖС** | Систем за управување со животната средина |
| **Тешки метали** | Тешки метали се група на елементи меѓу бакар и бизмут во периодниот систем на елементи - со специфична густина поголема од 4.0 $g/cm^3$. |
| **Течен отпад** | Било кој отпад во течна форма и што содржи помалку од 2% сува материја. |
| **X1 софтверски пакет** | Софтвер кој се користи за внесување на податоци, нивно пресметување и претставување на влијанието како и информации за трошоците. |
| **ХПК** | Хемиска потрошувачка на кислород |
| **ЦЕН (CEN)** | Comité Européen De Normalisation – European Committee for Standardisation. |

# Вовед

***Овие воведни белешки не се дел од дозволата***

Следната дозвола е издадена согласно Законот за животна средина (Службен весник 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 28/19, 65/18, 99/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.89/22, 171/22 и 3/25), за работа на инсталација што извршува една или повеќе активности наведени во Уредбата на Владата за
"Определување на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка дозвола со временски распоред за поднесување оперативни планови ", до одобреното ниво во Дозволата.

## Краток опис на инсталацијата регулирана со оваа дозвола

| **Други интегрирани дозволи поврзани со оваа инсталација** | | |
|---|---|---|
| Сопственик на дозволата | Број на дозвола | Дата на издавање |
| Нема | | |

| **Заменети дозволи/Согласности/Овластувања поврзани со оваа инсталација** | | |
|---|---|---|
| Сопственик | Референтен број | Дата на издавање |
| | | |

Индустрискиот објект на СИРМЕС-ТД извоз-увоз ДОО Велес, е лоциран во Башино село на катастерска парцела 769/8 се наоѓа десно по течението на реката Вардар. Вкупната површина која ја опфаќа инсталацијата изнесува 2402 $m^2$. Мал дел од објектите навлегуваат во соседна парцела бр.751/1 и за ова се води постапка пред Надлежен орган, овој дел не е дел од дозволава. По решавање на постапката инсталацијата треба да го извести надлежниот орган.

Основна дејност на инсталацијата СИРМЕС-ТД извоз-увоз ДОО Велес е одгледување на свињи во свињарска фарма, колење на чапункари, претежно свињи и јагниња, поретко покрупна стока и производство на сувомеснати производи. Во рамките на комплексот се содржат следните објекти:

- сињарска фарма со 250 маторици;
- кланица;

- погон за производство на производи од месо;
- млин за производство на мелење на храна за сињарската фарма;

**Свињарска фарма**

Процесот на инсталацијата се одвива преку одгледување на свињи 100-120 килограми, проектиран капацитет на свињарската фарма е 4000 товни сињи, истите се поделени во 4 турнуси по 1000 товеници во континуиран турнус, односно 250 мајки. Во функција се 9 објекти, кои се различни по намена. Објектите имаат автоматски системи за вентилација кои ја задоволуваат климатската состојба и условите кои се потребни за нега на свињите. Хранењето е автоматски со специјално формулирана смеса концентрат во зависност од возраста. Изѓубрување од фармата се врши преку бетонскиот резервоар од 100 м$^3$ и бетонски собирен канал околу  фармата од 50 м$^3$, од каде насобраното ѓубриво во течна форма по потреба се црпи со помош на цистерна во сопственост на фирмата и се транспортира до обработливо земјиште. Во близината на инсталацијат е изграден бунар за водоснабдување со капацитет од 9 l/s. Просечната дневна потрошувачка изнесува 10 м$^3$, а максималната 20 м$^3$ вода. Водоснабдувањето се обезбедува со систем од цевки распореден по објектите.

**Кланица**

Прием на жива стока во штала, сместувањето на свињите се врши во одделни простории-штали проектирани за 120-150 свињи. Пред пуштање во линијата за колење на свињите се врши нивно туширање со млаз вода, потоа една по една се пуштаат во каналот од каде влегуваат во салата за колење. Потоа се врши зашеметување со електроуред за омамување. По зашеметувањето се закачува свињата за задната десна нога во пределот на скочниот зглоб со синџир кој се закачува на елеватор кој ја крева до местото за искрвавување. Истиот процес се повторува за секоја свиња или јагне. Потоа работник колач, прави убод во градната празнина при што се пресекуваат големите крвни садови. Потоа следи постапка на обработка на животното по колењето, ослободување на кожата (дерење), вадење на стомачни и градни органи, расекување на трупот, расекување на главата и миење на труповите. Миењето на труповите се врши систематски, рачно со млаз на ладна вода. Потоа следи разладување на половинки во комора. Вака подготвените трупови по ладење од 24 часа се спремни за испорака. Коморите се перат со млаз вода по извршените операции на утовар на свинските полутки. Ветеринарен инспектор секојдневно го прегледува месото и внатрешните органи. Потоа како доказ на извршена контрола става Печат и се издава Уверение за здравствената состојба на месото од животните.

**Погон за производство на производи од месо во склоп на кланицата**

Обработката на месото опфаќа механичка обработка и термички третман на високи температури до финален производ. Технолошките постапки: прием и складирање на замрзнатото месо и разледено месо, прием и складирање на

зачини, адитиви и додатни состојки, прием и сладирање на вештачки црева, полиамидни црева и материјали за пакување, дефростација на месото, тримување (обработка) на месото, мерење на зачини, адитиви и додатни состојки, производство на расечено месо, производство на подготовки од месо, производи од издробено месо-мелено месо, производство на подготовки од месо, производи од издробено обликувано месо-ќебапи и плескавици, производство на свежи колбаси (колбаси за печење), производство на маринирано месо, производство на полутрајни колбаси, производство на барени колбаси, производство на пилешка шунка-колбас од месо во парчиња, производство на сувомесни димени производи, производство на трајни колбаси, складирање на спакуваните производи, ладно димење и здреење, транспорт на готовите производи. Капацитетот на погонот е ограничен со капацитетот на опремата монтирана во самиот објект и магацинскиот простор за складирање на готовите производи. Инсталираниот капацитет на опремата е 3000-5000 кг/ден.

**Млин за производство на мелење на храна за свињарската фарма**

За своите потреби инсталацијата има и млин со капацитет на мелење од 3000 кг на час. Млинот е составен од приемен бункер, мелница и мешалка.

Во инсталацијата нема сертифицирано систем за управување со квалитет ISO 9000/2000 и систем за управување со животна средина ISO 14001/2015.

Во инсталацијата СИРМЕС -ТД извоз-увоз ДОО, целата количина на течен отпад од кланицата се влева преку цевковод од кланицата во маслофаќач од 8000 л изработен од полиетилен (PE). Потоа се впива во прочистителна станица со волумен од 12 000 л. Прочистителната станица се состои од :

1. Механичко чистење – (собирач на отпадоци – прва комора)
2. SBR реактор за биолошко пречистување (аератор – втора комора)

## Комуникација

Доколку сакате да контактирате со Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина (во понатамошниот текст Надлежниот орган) во врска со оваа дозвола, ве молиме наведете го Бројот на дозволата.

За било какаква комуникација, контактирајте го Надлежниот орган на адреса **Плоштад на Пресвета Богородица бр.3 1000 Скопје, Република Северна Македонија.**

## Доверливост

Дозволата го обврзува Операторот да доставува податоци до Надлежниот орган. Надлежниот орган ќе ги стави податоците во јавните регистри, согласно потребите на Законот за животна средина. Доколку Операторот смета дека било кои од обезбедените податоци се деловно доверливи, може да се обрати до Надлежниот орган да ги изземе истите од регистарот, согласно Законот за животна средина. За да му овозможи на Надлежниот орган да определи дали податоците се деловно доверливи, Операторот треба истите јасно да ги дефинира и да наведе јасни и прецизни причини поради кои бара изземање. Операторот може да наведе кои документи или делови од нив ги смета за деловно или индустриски доверливи, согласно Законот за животна средина, чл.55 ст. 2, точка 4. Операторот ќе ја наведе причината поради која Надлежниот орган треба да одобри доверливост. Податоците и причината за доверливост треба да бидат приложени кон барањето за интегрирана еколошка дозвола во посебен плик.

## Промени во дозволата

Оваа дозвола може да се менува во согласност со Законот за животна средина.

## Предавање на дозволата при престанок на работа на инсталацијата

При делумен или целосен престанок со работа на инсталацијата , Операторот го известува органот . Со цел барањето да биде успешно, операторот мора да му покаже на Надлежниот орган, согласно член 120 ст. 3 од Законот за животна средина, дека не постои ризик од загадување и дека не се потребни понатамошни чекори за враќање на местото во задоволителна состојба.

## Пренос на дозволата

Пред да биде извршен целосен или делумен пренос на дозволата на друго лице, треба да се изготви заедничко барање за пренос на дозволата од страна на постоечкиот и предложениот сопственик, согласно член 118 од Законот за животна средина. Доколку дозволата овластува изведување на посебни активности од областа на управувањето со отпад, тогаш е потребно да се приложи уверение за положен стручен испит за управување со отпад за лицето задолжено за таа активност.

Во согласност со член 115 став 6 и 7 од Законот за животна средина (Службен весник на РМ 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 28/18, 65/18, 99/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.89/22, 171/22 и 3/25), А-интегрираната еколошка дозвола има важност од 7 години. Најдоцна една година пред истекот на важноста, Операторот е должен да поднесе барање за обновување на Дозволата.

# Преглед на барани и доставени документи

| Предмет | Датум | Коментар |
|---|---|---|
| Барање за добивање А-Интегрирана еколошка дозвола УП1-11/3 - 171/2023 | 26.01.2023 | Доставеното барање беше разгледано |
| Известување за барање за достава на дополнителни податоци УП1-11/3 - 171/2023 | 27.04.2023 | Побарани се дополнителни податоци и информации |
| Достава на дополнителни податоци за барањето УП1-11/3 - 171/2023 | 26.05.2023 | Доставеното дополнување беше разгледано |
| Објава на барањето за добивање на А-Интегрирана еколошка дозвола УП1-11/3 - 171/2023 | 10.10.2023 | Објавено е барањето во дневен печат и на web страницата на МЖСПП |

| | | |
|---|---|---|
| Известување до институциите за барањето добивање А-ИЕД УП1-11/3 - 171/2023 | 10.10.2023 | Доставен е примерок од барањето до Државен испекторат за животна средина |
| Известување до институциите за барањето добивање А-ИЕД УП1-11/3 - 171/2023 | 10.10.2023 | Доставен е примерок од барањето до Министерство за земјоделие, шумарство и водостопанство |
| Известување до институциите за барањето добивање А-ИЕД УП1-11/3 - 171/2023 | 10.10.2023 | Доставен е примерок од Министерство за здравство |
| Известување до институциите за барањето добивање А-ИЕД УП1-11/3 - 171/2023 | 10.10.2023 | Доставен е примерок од барањето до Општина Велес |
| Одговор на барање на мислење по однос на барањето за добивање А-ИЕД УП1-11/3-171/2023 | 30.10.2023 | Од Министерство за земјоделие, шумарство и водостопанство нема забелешки |
| Одговор на барање на мислење по однос на барањето за добивање А-ИЕД УП1-11/3-171/2023 | 01.11.2023 | Од Општина Велес дадени се забелешки и препораки |
| Направен е увид во инаталацијата по однос на барањето за добивање А-ИЕД УП1-11/3-171/2023 | 25.10.2023 | Заклучок од спроведен увид 11-6217/1 од 02.11.2023 |
| Известување со барање за достава на дополнителни податоци УП1-11/3 -171/2023 | 09.11.2023 | Побарани се дополнителни податоци и информации |
| Достава на дополнителни податоци за барањето УП1-11/3-171/2023 | 28.11.2023 | Доставеното дополнување беше разгледано |
| Достава на дополнителни податоци за барањето УП1-11/3-171/2023 | 15.122023 | Доставеното дополнување беше разгледано |
| Известување со барање за достава на дополнителни податоци УП1-11/3 -171/2023 | 14.02.2024 | Побарани се дополнителни податоци и информации |
| Достава на дополнителни податоци за барањето УП1-11/3-171/2023 | 06.03.2024 | Доставеното дополнување беше разгледано |
| Објава на Нацрт А-Интегрирана еколошка дозвола УП1-11/3 бр.171/2023 | 18.04.2024 | Објавено е барањето во дневен печат и на web страницата на МЖСПП |
| Направен е увид во инаталацијата по однос на Нацрт А-ИЕД УП1-11/3-171/2023 | 06.02.2024 | Заклучок од спроведен увид бр.УП1-11/3-171/2023 од 07.02.2025 |
| Достава наизвестување и дополнителни податоци за барањето 11-828/1 | 18.02.2025 | Доставеното дополнување беше разгледано |

| А-Интегрирана еколошка дозвола УП1-11/3-171/2023 | | |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| Лице кое ја води постапката: | Ирена Јованоска | Потпис: |
| Раководител на одделение за ИСКЗ | Besa Tateshi | Потпис: |
| Раководител на сектор за ИЗУР | Nazim Aliti | Потпис: |
| Управа за животна средина<br>в.д Директор | **Игор Никоски** | Потпис: |

А-Интегрирана Еколошка Дозвола

Закон за животна средина

# Дозвола

Број на дозвола
**УП1-11/3-171/2023**

Надлежниот орган за животна средина во рамките на својата надлежност во согласност со член 95 од Законот за животна средина (Службен весник 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 28/19, 65/18, 99/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.89/22, 171/22 и 3/25), го овластува

Операторот : **Друштво за вработување на инвалидни лица за производство трговија и услуги СИРМЕС-ТД извоз-увоз ДОО с.Башино село, Велес**

со регистрирано седиште на
Адреса: Населено место без уличен систем бр.1/Лака Башино село, Велес

Поштенски број Град : 1400 велес

Држава : Република Северна Македонија

Број на регистрација на компанијата **6117007**

да раководи со Инсталацијата

**Цело име на инсталацијата : Друштво за вработување на инвалидни лица за производство трговија и услуги СИРМЕС-ТД извоз-увоз ДОО с.Башино село, Велес**

Адреса: КО Башино село – Вонград КП бр.769/8, м.в ЛАКА општина Велес

Поштенски број Град : 1400 Велес

во рамките на дозволата и условите во неа.

**МИНИСТЕР/MINISTËR**
**Izet Mexhiti**

Датум

# Услов

# 1 Инсталација за која се издава дозволата

**1.1** Операторот е овластен да изведува активности и/или поврзани активности наведени во Табела 1.1.1.

| **Табела 1.1.1 а) Основни активности** | | |
|---|---|---|
| **Активност од Анекс 1 од Уредбата за определување на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка дозвола со временски распоред за поднесување оперативни планови** | **Опис на наведената активност** | **Граници на наведената активност** |
| 6. Други дејности:<br>6.6. Инсталации за интезивно живинарство или свињарство со повеќе од :<br>б) 2000 места за гоење на свињи (над 30кг)<br>в) 50 до 750 места за маторици | Фарма за интензивно одгледување на свињи | - Гоење на свињи 4000<br>- 250 свињи маторици |

| Табела 1.1.1 б) Основни поврзани активности | | |
|---|---|---|
| Активности | Опис на специфицираната активност | Граници на специфицираната активност |
| Кланици со капацитет на производство на трупови поголем од 50 т/ден | Колење на чапункари | Колење 100 свињи /ден и 330 јагниња/ден во сезона |
| Обработка и преработка наменети за производство на храна од:<br>- Животински суровини (освен млеко) | Обработка на месо и производство на сувомеснати производи | 3-5 тона на ден сувомеснати производи |
| Млин за сточна храна | Производство на храна за свињарската фарма | капацитет на мелење од 3000 кг на час |

**1.2** Активностите овластени во условите 1.1.1 ќе се одвиваат само во рамките на локацијата на инсталацијата, прикажана подолу во планот.

| Табела 1.1.2 | |
|---|---|
| Документ | Координати на локацијата |
| **СИРМЕС-ТД извоз-увоз ДОО с.Башино село Велес** | Y: 623646.326;<br>X: 555599554 |

**1.3** Инсталацијата ќе работи, ќе се контролира и ќе се одржува и емисиите ќе бидат такви како што е наведено во оваа дозвола. Сите програми кои треба да се изготват според условите на оваа Дозвола стаануваат дел од дозволата.

**1.4** Оваа Дозвола е само за потребите на ИСКЗ според Законот за животната средина (Службен весник 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 28/19, 65/18, 99/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.89/22, 171/22 и 3/25), и ништо во оваа Дозвола не го ослободува Операторот од обврските за исполнување на условите и барањата од други закони и подзаконски акти.

Мапа на границите на инсталацијата



# 2 Работа на инсталацијата

## 2.1 Техники на управување и контрола

2.1.1 Инсталацијата за која се издава дозволата, согласно условите во дозволата, ќе биде управувана и контролирана онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.1.1, или на друг начин договорен со Надлежниот орган во писмена форма.

| Табела 2.1.1 : Управување и контрола | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е применo** |
| Организациона структура на управувањето | Барање и Прилог кон барањето, Поглавје III УП 1-11/3 - 171/2023 | 26.01.2023 |
| Обука и квалификации | Барање и Прилог кон барањето, Поглавје III УП 1-11/3 - 171/2023 | 26.01.2023 |
| Системи за намалување на емисиите и третман | Барање и Прилог кон барањето, Поглавје III УП 1-11/3 - 171/2023 | 26.01.2023 |
| Мониторинг и одржување | Барање и Прилог кон барањето, Поглавје III УП 1-11/3 - 171/2023 | 26.01.2023 |
| Систем за управување со квалитет | Барање и Прилог кон барањето, Поглавје III УП 1-11/3 - 171/2023 | 26.01.2023 |

2.1.2 Целата инсталација, опремата и техничките средства користени во управувањето со Инсталацијата за која се издава дозволата, ќе бидат одржувани во добра оперативна состојба.

2.1.3 Во инсталацијата за која се издава дозволата ќе работи персонал кој е соодветно обучен и целосно запознаен со барањата од дозволата.

2.1.4 Копија од оваа дозвола и оние делови од барањето на кои се однесува дозволата ќе бидат достапни во секое време, за целиот персонал вклучен во изведување на работата што е предмет на барањата од дозволата.

2.1.5 Целиот персонал ќе биде целосно запознаен со оние аспекти од условите од дозволата, кои се однесуваат на нивните обврски и ќе им биде обезбедена соодветна обука и пишани инструкции за работа, со цел да им помогнат во извршувањето на нивните обврски.

2.1.6 Инсталацијата ќе има соодветно квалификувано и искусено одговорно лице за животна средина

2.1.7 Операторот ќе му ги достави на Надлежниот орган, Програма за управување со животна средина (ПУЖС) и Распоредот на целите и задачите за заштита на животната

средина со комплетен преглед на сите операции, процеси, опции и можности за енергетска ефикасност и намалување на отпад, изготвени во рамките на Стандардот за животна средина на секои 12 месеци како дел од Годишниот Извештај за Животна Средина (ГИЖС).

2.1.7.1 Како дел од ГИЖС, операторот ќе подготви и ќе достави до Надлежниот орган Извештај за програмата, вклучувајќи ги успесите во постигнувањето на договорените цели. Таквите извештаи ќе се чуваат во рамките на инсталацијата за период не помал од 7(седум) години и ќе се достапни за инспекција од овластените лица на Надлежниот орган.

2.1.8 Документација

2.1.9.1 Операторот ќе воспостави и одржува систем за документација на управувањето со животната средина, кој ќе биде достапен за увид на Надлежниот орган.

2.1.9 Корективни мерки

2.1.10.1 Операторот ќе воспостави процедури според кои ќе се преземат корективни мерки доколку специфицираните барања од Дозволата не се исполнети. Во процедурите треба да се дефинираат одговорноста и овластувањето за иницирање на понатамошна истрага и корективни активности во случај на пријавени.

2.1.10 Подигање на свеста и обука

2.1.10.1 Операторот ќе воспостави и одржува процедури за идентификување на потребите за обука и за обезбедување на соодветна обука на целиот персонал чија работа може да има значително влијание врз животната средина. Операторот е должен да ги чува записите од обуките.

2.1.11 Програма за одржување

2.1.11.1 Сите постројки, опремата и техничките делови кои се во функција на инсталацијата треба да се одржуваат во добра работна состојба.

2.1.11.2 Операторот ќе воспостави и одржува програма за одржување на целата инсталација и соодветната придружна опрема која може да има влијание врз животната средина, базирана на упатствата издадени од страна на производителот/добавувачот или изведувачот на таа опрема. Како додаток кон програмата треба да се обезбеди и соодветно чување на записите и контролните тестирања.

## 2.2 Суровини (вклучувајќи и вода)

2.2.1 Операторот, согласно условите од дозволата, ќе користи суровини (вклучувајќи ја и водата) онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.2.1, или на друг начин договорен со Надлежниот орган во писмена форма.

| Табела 2.2.1 : Суровини (вклучувајќи и вода) | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Опис на суровини | Барање и Прилог кон барањето, Поглавје III<br>УП 1-11/3 - 171/2023<br>Дополнување кон барањето | 26.01.2023<br>28.11.2023 |
| Средства за хигиена и заштита при работа | Барање и Прилог кон барањето, Поглавје III<br>УП 1-11/3 - 171/2023 | 26.01.2023 |
| Енергенси | Барање и Прилог кон барањето, Поглавје III<br>УП 1-11/3 - 171/2023 | 26.01.2023 |

2.2.2 Суровините, меѓупродуктите и производите ќе се складираат на места наменети за тоа, соодветно заштитени против истурање и истекување. Материјалите јасно ќе бидат означени и соодветно одделени.

2.2.3 Секоја промена на суровина наведена во барањето, која се употребува во активностите на операторот и технолошкиот процес, може да се применува со претходна согласност на Надлежниот орган во писмена форма.

2.2.4 Операторот на секои 12 (дванаесет) месеци ќе врши ревизија на количеството на употребена вода во инсталацијата со цел да ги идентификува начините за поефикасно користење на истата. Заклучоците од оваа ревизија ќе бидат вклучени во извештајот дефиниран во Додаток 2 (Распоред на целите и задачите за животната средина).

2.2.5 Операторот ќе направи проценка на ефикасноста на употребените суровини во сите процеси, со особено внимание на намалување на создавањето отпад. Проценката треба да се базира на најдобрите меѓународни искуства за овој вид на активност. Онаму каде што се идентификувани можни подобрувања, истите треба да се вклучат во Распоредот на целите и задачите за животната средина.

2.2.6 На бунарот да се предвиди и вгради мерен уред за континуирано мерење на зафатените количини на вода и за истите да се води уредна евиденција на дневна основа.

## 2.3 Техники на работа

2.3.1 Инсталацијата за која се издава дозволата, согласно условите во дозволата, ќе се води на начин и со примена на техники опишани во документите наведени во Табела 2.3.1, или на друг начин договорен со Надлежниот орган во писмена форма.

2.3.2 Постапката со умрената живина е во согласност со Законот за нус производи од животни, и се спроведуваат начелата на Добра фармерска и Добра Хигиенска практика;

2.3.3 Операторот ќе врши редовна контрола на садовите под притисок и сите цевководи и во временски периоди согласно меѓународните стандарди за тој вид на садови и инсталација ќе го известува Надлежниот орган за нивната состојба.

| **Табела 2.3.1 : Техники на работа** | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Технолошко решение за одгледување на свињите | Барање и Прилог кон барањето, Поглавје II УП 1-11/3 - 171/2023 | 26.01.2023 |
| Кланица | Барање и Прилог кон барањето, Поглавје II УП 1-11/3 - 171/2023 | 26.01.2023 |
| Погон за производство на производи од месо во склоп на кланица | Барање и Прилог кон барањето, Поглавје II УП 1-11/3 - 171/2023 | 26.01.2023 |
| Млин за производство на мелење на храна за свињарската фарма | Барање и Прилог кон барањето, Поглавје II УП 1-11/3 - 171/2023 | 26.01.2023 |
| Опис на придружните објекти | Барање и Прилог кон барањето, Поглавје II УП 1-11/3 - 171/2023 | 26.01.2023 |
| Технички опис за пречистителна станица | Дополнување кон барањето<br>Дополнување кон барањето | 28.11.2023<br>06.03.2024 |
| Технички лист за маслофаќач | Дополнување кон барањето | 15.12.2023 |

## 2.4 Заштита на подземните води

2.4.1 Инсталацијата за која се издава дозволата, согласно условите во дозволата, ќе биде контролирана како што е опишано во документите наведени во Табела 2.4.1, или на друг начин договорени со Надлежниот орган на писмено.

2.4.2 Суровините, меѓупродуктите и производите ќе се складираат на места наменети за тоа, соодветно заштитени против истурање и истекување. Матријалите јасно ќе бидат означени и соодветно одделени.

2.4.3 Сите резервоари, контејнери и буриња ќе бидат јасно означени за да се знае точно нивната содржина;

2.4.4 Товарењето и истоварувањето на материјалите ќе се извршува на места наменети за тоа, зашитени од истекување и истурање.

2.4.5 Операторот во складиштето ќе има соодветен капацитет на опрема и/или соодветни абсорпциски материјали за да го задржат и апсорбираат било кое протекување во инсталацијата. Откако еднаш ќе се употреби апсорпцискиот материал, истиот ќе се сладира на соодветно место.

2.4.6 Дренажните системи, танк-ваните ќе се прегледуваат редовно, ќе се чистат од мил како што треба и соодветно ќе се одржуваат во секое време. Целиот талог и отпадни течности од овие операции треба да се соберат и безбедно да се складираат.

2.4.7 Да се спроведат сите неопходни технички мерки за спречување на индиректно испуштање на масла, загадувачки материи и супстанции кои би довеле до загадување на подземните води и површинските води.

| Табела 2.4.1 : Заштита на подземните води | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Ракување со суровини, меѓупроизводи и производи | Барање и Прилог кон барањето, Поглавје V.1 УП 1-11/3 - 171/2023 | 26.01.2023 |
| Опис на управување со цврст и течен отпад во инсталацијата | Барање и Прилог кон барањето, Поглавје V.1 УП 1-11/3 - 171/2023 | 26.01.2023 |
| Оценка на влијанието на емисиите врз почвата/подземните води | Дополнување кон барањето | 06.03.2024 |
| Расфрлање на земјоделски/неземјоделски отпад | Дополнување кон барањето | 06.03.2024 |
| Загадување на почвата/подземната вода | Дополнување кон барањето | 06.03.2024 |
| Намалување на материјалните загуби, создаден отпад и емисии | Барање и Прилог кон барањето, Поглавје X УП 1-11/3 - 171/2023 | 26.01.2023 |

## 2.5 Ракување и складирање на отпадот

2.5.1 Операторот, соогласно условите од дозволата, ќе ракува и ќе го складира отпадот онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.5.1, или на друг начин договорен со Надлежниот орган на писмено.

2.5.2 Отпадот ќе се складира на место посебно определено за тоа, соодветно заштитено против прелевање и истекување на течностите. Отпадот јасно ќе се означи и соодветно ќе се оддели.

2.5.3 Операторот ќе обезбеди отпадот (кој може да се пакува), пред да се пренесе на друго лице, да биде спакуван и означен согласно Националните, Европските и било кои други стандарди кои се на сила во врска со таквото означување.

2.5.4 Отпадот треба јасно да се означи, соодветно да се оддели и складира во определени места, соодветно заштитени од прелевање и истекување.

2.5.5 На Операторот му се забранува да го меша опасниот отпад од една категорија со опасен отпад од друга категорија или со било каков друг неопасен отпад.

| **Табела 2.5.1 : Ракување и складирање на отпадот** | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е применo** |
| Опис на управување со цврст и течен отпад | Барање и Прилог кон барањето, Поглавје V УП 1-11/3 - 171/2023 | 26.01.2023 |
| Одложување на отпадот во граници на инсталацијата | Барање и Прилог кон барањето, Поглавје V УП 1-11/3 - 171/2023 | 26.01.2023 |
| Намалување на материјалните загуби, создаден отпад и емисии | Барање и Прилог кон барањето, Поглавје X УП 1-11/3 - 171/2023 | 26.01.2023 |
| Расфрлање на земјоделски/неземјоделски отпад | Дополнување кон барањето | 06.03.2024 |

| Табела 2.5.2 : Отпад складиран на самата локација | | | |
|---|---|---|---|
| **Опис на отпадот** | **Место на складирање на самата локација** | **Начин на складирање** | **Услови на складирање** |
| Отпад од животинско ткиво (отпад од колење)<br>02 02 02 | Посебни контејнери | Се собираат на обележан простор, местото е заградено, обележано и заштитено | Привремено до превземање од превземачи со кој е склучен Договор |
| Отпад од животинско ткиво (отпад од преработка)<br>02 02 02 | Посебни контејнери | Се собираат на обележан простор, местото е заградено, обележано и заштитено | Привремено до превземање од превземачи со кој е склучен Договор |
| Животински измет ( урина и ѓубриво)<br>02 01 06 | Бетонски резервоар од 100 $м^3$<br>Бетондки собирен канал од 50 $м^3$ | Привремено до превземање за наѓубрување на земјоделски површини | Непропусно дно, местото е заштитено и оградено |
| Отпадна вода (мешавина од течно и цврсто губриво)<br>02 01 01<br>02 02 01 | Прочистителна станица од 12 000 л | - Механичко чистење<br>- SBR реактор за биолошко прочистување | Прочистената вода се испушта во реципиент |
| Мил од третирање на отпадните води на местото што се создаваат<br>02 02 04 | Се чува во септичка јама | Привремено до превземање за наѓубрување на земјоделски површини | Привремено до превземање од превземачи со кој е склучен Договор |
| Трупови од умрените (угинатите) животни<br>02 01 02 | Посебни контејнери | Се собираат на обележан простор, местото е заградено, обележано и заштитено | Привремено до превземање од превземачи со кој е склучен Договор |
| Отпад од хартија, амбалажен материјал<br>20 01 01<br>15 01 01 | Се складира во складишен простор | Се собираат на обележан простор, местото е заградено, обележано и заштитено | Привремено до превземање од превземачи со кој е склучен Договор |
| Мешан комунален отпад<br>20 03 01 | Се складира во складишен простор | Се собираат на обележан простор, местото е заградено, обележано и заштитено | Привремено до превземање од превземачи со кој е склучен Договор |
| Отпад од маслофаќач (масноти од животинско потекло)<br>02 02 01 | Посебни контејнери | Се собираат на обележан простор, местото е заградено, обележано и заштитено | Привремено до превземање од превземачи со кој е склучен Договор |
| Отпадна пластика<br>20 01 39 | Се складира во складишен простор | Се собираат на обележан простор, местото е заградено, обележано и заштитено | Привремено до превземање од превземачи со кој е склучен Договор |
| Отпаден метал<br>20 01 40 | Се складира во складишен простор | Се собираат на обележан простор, местото е заградено, обележано и заштитено | Привремено до превземање од превземачи со кој е склучен Договор |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Отпадни гуми | Се складира во складишен простор | Се собираат на обележан простор, местото е заградено, обележано и заштитено | Привремено до превземање од превземачи со кој е склучен Договор |
| Пепел од согорување пелети/струготини | Се складира во складишен простор | Се собираат на обележан простор, местото е заградено, обележано и заштитено | Привремено до превземање од превземачи со кој е склучен Договор |

## 2.6 Преработка и одлагање на отпад

2.6.1 Операторот, согласно условите во дозволата, ќе го преработува и одлага отпадот како што е опишано во документите наведени во Табела 2.6.1, или на друг начин договорен писмено со Надлежниот орган.

2.6.2 Отпадот кој се испраќа надвор од фабриката за одлагање или повторна употреба ќе се транспортира само од овластени лица. Отпадот ќе се транспортира од местото на активноста до местото за одлагање или повторна употреба само на начин кој нема да влијае врз животната средина и во согласност со соодветните национални и Европски законски регулативи и протоколи.

2.6.3 За активностите кои се поврзани со операции за управување со отпадот на локацијата ќе се води целосна евиденција, која ке биде достапна за инспектирање од страна на овластени лица на Надлежниот орган во секое време. Оваа евиденција треба да ги содржи како минимум следните детали:

- Имињата на превземачот и транспортерите на отпадот;
- Имињата на лицата кои се одговорни за крајно одлагање/рециклирање на отпадот;
- Писмена потврда од приемот и одлагањето/рециклирањето на отпадот за било какви опасни материи кои се пратени надвор од локацијата;

2.6.4 Методи за карактеризирање на отпадот со цел да се направат разлики помеѓу инертниот, опасниот и неопасниот треба да бидат во согласност со националните закони и во отсуство на нив според ЕУ директивите.

| **Табела 2.6.1 : Искористување и отстранување на отпадот** | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Опис на управување со цврст и течен отпад во инсталацијата | Барање и Прилог кон барањето, Поглавје V УП 1-11/3 - 171/2023 | 26.01.2023 |
| Одложување на отпадот во граници на инсталацијата | Барање и Прилог кон барањето, Поглавје V УП 1-11/3 - 171/2023 | 26.01.2023 |
| Намалување на материјалните загуби, создаден отпад и емисии | Барање и Прилог кон барањето, Поглавје X УП 1-11/3 - 171/2023 | 26.01.2023 |
| Расфрлање на земјоделски/неземјоделски отпад | Дополнување кон барањето | 06.03.2024 |

## 2.7 Енергетска ефикасност

2.7.1 Операторот, согласно условите во дозволата, ќе употребува енергија како што е опишано во документите наведени во Табела 2.7.1, или на друг начин писмено договорен со Надлежниот орган .

| **Табела 2.7.1 : Енергетска ефикасност** | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Енергенси | Барање и Прилог кон барањето, Поглавје IV УП 1-11/3 - 171/2023 | 26.01.2023 |
| Енергетска ефикасност | Барање и Прилог кон барањето, Поглавје X УП 1-11/3 - 171/2023<br>Дополнување на барањето | 26.01.2023<br>18.02.2025 |

2.7.2 Операторот треба да има план за управување со енергијата, кој ќе биде дополнуван годишно.

## 2.8 Спречување и контрола на несакани дејствија

2.8.1 Операторот, согласно условите во дозволата, ќе ги спречи и ограничи последиците од несаканите дејствија, онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.8.1, или на друг начин писмено договорен со Надлежниот орган.

2.8.2 Во случај на дефект на инсталацијата, операторот во најкраток можен рок треба да ги намали или прекине операциите, се додека повторно не се воспостави нормално работење.

2.8.3 Во случај на несреќа Операторот веднаш треба да:

- Го изолира изворот на било какви емисии;

- Спроведе непосредна истрага за да се идентификува природата, изворот и причината на било која емисија која произлегла од тоа;
- Го процени загадувањето на околината, ако го има предизвикано од ицидентот;
- Да ги идентификува и да ги спроведе мерките за минимизирање на емисиите/нефункционирање и ефектите кои следуваат;
- Забележи датумот и местото на несреќата;
- Го извести Надлежниот орган и другите заинтересирани страни

2.8.4 Во рок од 1(еден) месец од несреќата Операторот треба да достави предлог до Надлежниот орган или друг начин договорен со Надлежниот орган. Предлогот има за цел да:

- Идентификува и постави мерки за да се избегне повторно случување на несреќата;

| **Табела 2.8.1 : Спречување и контрола на несакани дејствија** | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е применo** |
| Идентификација на потенцијални незгоди и вонредни состојби | Барање и Прилог кон барањето, Поглавје XII УП 1-11/3 - 171/2023 | 26.01.2023 |
| Планирање на активностите во случај на незгода или вонредна состојба | Барање и Прилог кон барањето, Поглавје XII УП 1-11/3 - 171/2023 | 26.01.2023 |
| План за спречување на настанување на пожар | Барање и Прилог кон барањето, Поглавје XII УП 1-11/3 - 171/2023 | 26.01.2023 |
| Мерки за заштита од електрична струја | Барање и Прилог кон барањето, Поглавје XII УП 1-11/3 - 171/2023 | 26.01.2023 |
| Мерки за заштита од истекување | Барање и Прилог кон барањето, Поглавје XII УП 1-11/3 - 171/2023 | 26.01.2023 |
| Безбедност и здравје при работа | Барање и Прилог кон барањето, Поглавје XII УП 1-11/3 - 171/2023 | 26.01.2023 |

## 2.9 Бучава и вибрации

2.9.1 Операторот, согласно условите во дозволата, ќе ја контролира бучавата и вибрациите како што е опишано во документите наведени во Табела 2.9.1, или на друг начин писмено договорен со Надлежниот орган .

2.9.2 Операторот треба да изврши годишен преглед на бучавата на локацијата. Методите за испитувањето на бучавата треба да бидат во согласност со законот за Бучава .

2.9.3 Операторот треба да обезбеди, објектот каде што се одвива производството да е изграден од материјал со висок индекс на заштита од бучава со што би се обезбедило да процесот на производство не резултира зголемување на постоечкото ниво на бучава во границите на инсталацијата.

2.9.4 Резултатите од мерењата ќе бидат ставени на располагање за инспекција на лицата овластени од страна на Надлежниот орган во било кое разумно време а краток извештај од овие записи ќе се вклучи во ГИЖС

| **Табела 2.9.1 : Бучава и вибрации** | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Емисии на бучава | Барање и Прилог кон барањето, Поглавје VI УП 1-11/3 - 171/2023 | 26.01.2023 |

## 2.10 Мониторинг

2.10.1 Операторот, согласно условите во дозволата, ќе изведува, мониторинг, ќе го анализира и развива истиот како што е опишано во документите наведени во Табела 2.10.1, или на друг начин писмено договорен со Надлежниот орган.

| **Табела 2.10.1 : Мониторинг** | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Предлог за мониторинг на емисии | Барање и Прилог кон барањето, Поглавје XI УП 1-11/3 - 171/2023 | 26.01.2023 |

2.10.2 Ќе се обезбеди:

а) безбеден и постојан пристап до мерните места, за да се овозможи земањето примероци/мониторингот да биде изведено во релација со точките на емисија наведени во Додаток 2, освен ако не е поинаку наведено во Додатокот ; и

б) безбеден пристап до други точки на земање примероци/мониторинг, кога тоа ќе го побара Надлежниот орган.

2.10.3 Фреквенцијата, методите и обемот на мониторингот, земањето примероци и анализата може да се изменат во согласност со Надлежниот орган, по претходна евалуација на резултатите од извршеното тестирање.

2.10.4 Со опремата за мониторинг и анализа треба да се ракува и истата да се одржува како што е потребно, со цел прецизен мониторингот на емисиите и испуштањата и задоволување на стандардите.

2.10.5 Фреквенцијата, методите и опсегот на мониторинг, може да се дополнат или изменат во согласност со Надлежниот орган, по претходно извршено тестирање.

## 2.11 Престанок со работа

2.11.1 Операторот, согласно условите во дозволата, ќе обезбеди услови за престанок на работата на инсталацијата како што е опишано во документите наведени во Табела 2.11.1, или на друг начин договорен со Надлежниот орган на писмено..

2.11.2 Обврска за враќање на животната средина во задоволителна состојба, по престанок на работа на инсталацијата, од страна на операторот, ќе се врши согласно Законот за животна средина, член 120.

2.11.3 План за престанок со работа и управување со остатоците

- Операторот треба да подготви детален план со финансиски податоци за престанок со работа на инсталацијата или затварање на целата или дел од локацијата;
- Планот за управување со остатоците како минимум да го вклучи следново: Извештај за обемот на планот, Критериумите кои дефинираат успешен престанок со работа на активностите или на дел од нив, кој обезбедува минимум критериум, Финансиски детали за планот и како тие ќе бидат обезбедени.

**Табела 2.11.1 : Престанок на работа**

| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
|---|---|---|
| План за управување со ресидиум | Барање и Прилог кон барањето, Поглавје XIII УП 1-11/3 - 171/2023 | 26.01.2023 |
| Инвестициски трошоци | Барање и Прилог кон барањето, Поглавје XIII УП 1-11/3 - 171/2023 | 26.01.2023 |

## 2.12 Инсталации со повеќе оператори

2.12.1 Со инсталацијата за која се издава дозволата управува само еден оператор

или

Оваа дозвола е валидна само за оние делови од инсталацијата што се означени на мапата во делот 1.1.2 од оваа дозвола.

# 3 Документација

3.1.1 Документацијата ( “Специфицирана Документација” ) ќе содржи податоци за:

**а** секоја неисправност, дефект или престанок со работа на постројката, опремата или техниките (вклучувајќи краткотрајни и долготрајни мерки за поправка) што може да има, имало или ќе има влијание на перформансите врз животната средина што се однесуваат на инсталацијата за која се издава дозволата. Овие записи ќе бидат чувани во дневник воден за таа цел;

**б** целиот спроведен мониторинг и земањето примероци и сите проценки и оценки направени на основа на тие податоци.

3.1.2 За инспекција од страна на Надлежниот орган во било кое пристојно време ќе бидат достапни:

**ц** Специфицираната документација;

**д** Било кои други документи направени од страна на Операторот поврзани со работата на инсталацијата за која се издава дозволата (“Други документи”).

3.1.3 Копија од било кој специфициран или друг документ ќе му биде доставен на Надлежниот орган на негово барање и без надокнада.

3.1.4 Специфицираните и другите документи треба:

**е** да бидат читливи;

**ф** да бидат направени што е можно побрзо;

**г** да ги вклучат сите дополнувања и сите оригинални документи кои можат да се приложат.

3.1.5 Операторот е должен специфицираната и другата документација да ја чува за време на важноста на оваа дозвола, како и пет години по престанокот на важноста.

3.1.6 За целиот примен или создаден отпад во инсталацијата за која што се издава дозволата, операторот ќе има документација (и ќе ја чува истата за време на важноста на оваа дозвола, како и пет години по престанокот на важноста) за

**х** Составот на отпадот, или онаму каде што е можно, опис;

**и** најдобра проценка на создадената количина отпад;

**ј** трасата на транспорт на отпадот за одлагање; и

**к** најдобра проценка на количината отпад испратен на преработка.

3.1.7 Операторот на инсталацијата за којашто се издава дозволата ќе направи записник, доколку постојат жалби или тврдења за нејзиното влијание врз животната средина. Во записникот треба да стои датум и време на жалбата, како и кратко резиме доколку имало било каква истрага по таа основа и резултати од истата. Таквите записи треба да бидат чувани во дневник воден за таа цел.

# 4 Редовни извештаи

4.1.1 Сите извештаи и известувања што ги бара оваа дозвола, операторот ќе ги испраќа до Надлежниот орган за животна средина.

4.1.2 Извештаите ќе се поднесат како што е резимирано во Додаток 2, или на друг начин како што е наведено во Дозволата.

4.1.3 Сите извештаи ќе бидат потпишани од страна на назначено овластено лице од инсталацијата.

4.1.4 Операторот ќе поднесе до Надлежниот орган, најдоцна до 31- ви Март секоја година, ГИЖС кој ја покрива претходната календарска година. Овој извештај, кој треба да биде доставен до Надлежниот орган, треба да ги вклучи како минимум, информациите спецификувани во следната Табела: Содржина на Годишниот Извештај за Животна Средина од оваа Дозвола треба да се подготви со било кои релевантни упатства кои се издадени од страна на Надлежниот Орган.

4.1.5 Операторот ќе подготви и одржува РИПЗМ за локацијата. Супстанциите кои треба да се вклучат во РИПЗМ треба да бидат доставени до Надлежниот орган секоја година по референтната листа која што ќе биде спецификувана во упатството за ГИЖС од Надлежниот орган. РИПЗМ треба да се подготви во согласност со било кои релевантни упатства кои се издадени од страна на Надлежниот Орган и треба да се поднесат како дел од ГИЖС.

| **Годишен извештај за животна средина Содржина** |
| --- |
| Емисии од инсталацијата. (поднесување на РИПЗМ + согласност со ГВЕ)<br>Евиденција за управување со отпад<br>Преглед за потрошувачка на суровини.<br>Резиме на забелешки (жалби/поплаки).<br>Распоред на цели и задачи за животната околина.<br>Програма за управување со животната средина - извештај од претходната година.<br>Програма за управување со животната средина - предлог за тековната година.<br>Регистар на загадувачки емисии - извештај од претходната година.<br>Регистар на загадувачки емисии - предлог за тековната година.<br>Резиме на извештајот за мониторинг на бучава.<br>Резиме на мониторингот на животната средина.<br>Резиме на пријавени инциденти.<br>Резиме од извештај за ефикасност на енергијата.<br>Извештај за утврдување на ефикасноста од користење на суровини во процесот и редукција на генерираниот отпад.<br>Извештај за прогресот кој е направен и развиените предлози за да се минимизира побарувачката на вода и волуменот на испуштање на отпадана вода.<br>Сите други предмети специфицирани од страна на Надлежниот орган<br>Копија од сертификат за животна средина ISO 14001 (доколку е сертифицирано) |

# 5 Известувања

5.1.1 Операторот ќе го извести Надлежниот орган **без одложување**:

а кога ќе забележи емисија на некоја супстанција која го надминува лимитот или критериумот на оваа дозвола, наведен во врска со таа супстанција;

б кога ќе забележи фугитивна емисија што предизвикала или може да предизвика загадување, освен ако емитираната количина е многу мала да не може да предизвика загадување;

ц кога ќе забележи некаква неисправност, дефект или престанок на работата на постројката или техниките, што предизвикало или има потенцијал да предизвика загадување; и

д било какво несакано дејство што предизвикало или има потенцијал да предизвика загадување.

5.1.2 Операторот треба да достави писмена потврда до Надлежниот орган за било кое известување од условот 5.1.1 согласно Распоредот 1 од оваа дозвола, преку испраќање на податоци наведени во Делот А од Распоредот 1 од оваа дозвола во рок од 24 часа од ова известување. Операторот ќе испрати подетални податоци наведени во Делот Б од тој Распоред, што е можно побрзо.

5.1.3 Операторот ќе даде писмено известување што е можно побрзо, за секое од следниве

а перманентен престанок на работата на било кој дел или на целата инсталација, за која се издава дозволата;

б престанок на работата на некој дел или на целата инсталација за која се издава дозволата, со можност да биде подолго од 1 година; и

ц повторно стартување на работата на некој дел или целата инсталација за кој што се издава дозволата, по престанокот по известување според 5.1.3 (б).

5.1.4 Операторот ќе даде писмено известување во рок од 14 дена пред нивното појавување, за следниве работи:

**i** било каква промена на трговското име на Операторот, регистарско име или адресата на регистрирана канцеларија;

**ii** промена на податоците за холдинг компанијата на операторот (вклучувајки и податоци за холдинг компанијата кога операторот станува дел од неа);

**iii** за активности кога операторот оди во стечај склучува доброволен договор или е оштетен;

# 6 Емисии

## 6.1 Емисии во воздух

6.1.1 Емисиите во воздух од точката(ите) на емисија наведени во Табела 6.1.1, ќе потекнат само од извор(и) наведен(и) во таа Табела. (Број според мапата)

| **Табела 6.1.1 : Емисиони точки во воздухот** | | |
|---|---|---|
| **Ознака на точка на емисија/опис** | **Извор** | **Локација на точката на емисија** |
| Објекти за одгледување на свињи 1-9 | Вентилационен испуст од хала | E : $21^0 45' 51.5''$<br>N : $41^0 44' 12.6''$ |
| Комори за сушење на месо 1-3 | Помал емитер | |
| Котел на палети 1-2 | Помал емитер | |

6.1.2 Границите на емисиите во воздух за параметарот(рите) и точката(ите) на емисија наведени во Табела 6.1.2 нема да бидат пречекорени во соодветниот временски период.

6.1.3 Временските периоди од 6.1.2 соодвествуваат на оние од прифатената програма за подобрување од поглавјето 9 од оваа дозвола.

6.1.4 Операторот ќе врши мониторинг на параметрите наведени во табелата 6.1.2, на точките на емисија и најмалку на фрекфенции наведени во таа Табела

6.1.5 Емисиите од инсталацијата не треба да содржат нападен мирис надвор од границите на инсталацијата,

6.1.6 Граничните вредности на емисиите во атмосверата во оваа Дозвола треба да се интерпретираат на следниов начин:

- Ниту една 24-часовна средна вредност не смее да ја надмине граничната вредност за емисија
- Методологијата која се применува е во склад со соодветниот Правилник за ГВЕ.

.

| Табела 6.1.2.1 : Граници на емисиите во воздухот | | | |
|---|---|---|---|
| **Параметри** | **Ознака на точка на емисија : АА1- АА9** | | **Фреквенција на мониторинг** |
| Проток: | | | |
| | | Концентрација ГВЕ | |
| Вкупна прашина | mg/m3 | 50 mg/m$^3$ | Двапати годишно |
| Амонјак | Ppm v/v | 50 Ppm v/v | Двапати годишно |
| Чад (ринглеманов тест) | | 1 | Двапати годишно |

| Табела 6.1.2.2 : Границии на емисиите во воздухот | |
|---|---|
| **Параметри** | Комори за сушење на месото- 1-3 |
| **Гориво** | дрво |
| **Капацитет** | 300 кг по количка |
| **Потрошувачка на гориво** | 5 м$^3$/год. |

| Табела 6.1.2.3 : Границии на емисиите во воздухот | | |
|---|---|---|
| **Параметри** | Котел на палети 1-2 | |
| **Котел 1** | пелети | 20 kw |
| **Котел 2** | пелети | 35 kw |

## 6.2 Емисии во почва

6.2.1 Операторот ќе го извести Надлежниот орган за секоја промена во работењето која може да има влијание и емисии во почвата.

6.2.2 Не се дозволува влијание на почвата од привременото складирање на отпаден материјал, до и за време на неговото превземање од овластено лице.

6.2.3 Операторот треба да обезбеди активностите од своето работење да бидат спроведувани на начин кој ќе обезбеди да не постои можност за директно влијание на почвата, како и за надворешно влијание кое создава индиректни емисии во почвата.

6.2.4 Патната мрежа која е во рамките на инсталацијата ќе се одржува така да нема остатоци од прашина предизвикани од возилата кои влегуваат или излегуваат од инстацијата. Таквата прашина или други исталожени материјали ќе бидат отстранети без одложување.

6.2.5 Не се дозволува складирање на отпад во рамките на инсталацијата во период подолг од една година, доколку отпадот е наменет за отстранување, или во период подолг од 3(три) години доколку отпадот е наменет за третман и преработка, освен ако тоа е дозволено со оваа дозвола.

6.2.6 Машините треба да се паркираат на содветно предвидени и уредени места, кои ги поседуваат потребните предуслови за заштита на почвите од контаминација со горива и деривати.

6.2.6 Се задолжува Операторот на периодичен мониторин најмалку еднаш во период од 5 (пет) години за подземни води и секои 10(десет) години на почва, таквиот мониторин е базиран на системска проценка на ризикот од загадување.

## 6.3 Емисии во вода (различни од емисиите во канализација)

6.3.1 Емисии во вода од точка(и) на емисија наведени во Табела 6.3.1 ќе потекнуваат само од извор(ите) наведени во таа Табела.

| **Табела 6.3.1: Точка на емисија на емисија во вода** | | |
|---|---|---|
| Ознака на точка на емисија | Извор | Количество |
| W1 Испуст од прочистителна станица<br>Y: 7564272<br>X: 4621680 | Отпадни води од објектите од кланица и производство на производи од месо | 2190.00 $м^3$/годишно |

| **Табела 6.3.2 : Граници на емисија во вода** | | |
|---|---|---|
| **Ознака на точка на емисија :** | | |
| Параметар | ГВЕ (mg/l) | Фреквенција на мониторинг |
| Температура (0С) | 30 | Двапати годишно |
| pH | 6,5-9,0 | Двапати годишно |
| Суспендирани честички (mg/l) | 35 | Двапати годишно |
| Талог (mg/l) | 0,3 | Двапати годишно |
| БПК(mg/l) | 25 | Двапати годишно |
| ХПК(mg/l) | 125 | Двапати годишно |
| Тешко разградливи липофилни честички | 20 | Двапати годишно |
| Апсорбилни органски халогени | 0,1 | Двапати годишно |
| Хлор вкупен | 0,4 | Двапати годишно |
| Азот Вкупен | 10 | Двапати годишно |
| Амониум | 10 | Двапати годишно |
| Фосфор вкупен | 2 | Двапати годишно |

6.3.2 Границите за емисиите во вода за параметарот(рите) и точката(ите) на емисија поставени во Табела 6.3.2, нема да бидат пречекорени во соодветниот временски период.

6.3.3 Временските периоди од 6.3.2 соодвествуваат на оние од прифатената програма за подобрување од поглавјето 9 од оваа дозвола.

6.3.4 Операторот ќе изведува мониторинг на параметрите наведени во Табела 6.3.2, на точките на емисија и со фрекфенции наведени во таа Табела.

6.3.5 Емисиите во вода на другите параметри кои не се наведени во Табела 6.3.2 не смее да бидат поголеми од оние кои веќе ги има во водата на реципиентот.

## 6.4Емисии во канализација

Нема емисии во канализација

6.4.1 Емисиите во канализација од точката(ите) на емисија наведени во Табела 6.4.1 ќе потекнуваат сам од изворот(ите) наведени во таа Табела.

| **Табела 6.4.1 Точка на емисија во канализација ( нема )** | | |
|---|---|---|
| **Ознака на точката на емисија** | **Извор** | **Канализација** |
| | | |
| | | |

6.4.2 Границите на емисиите во канализација за параметарот(рите) и точките на емисија поставени во Табела 6.4.2 нема да бидат пречекорени во соодветниот временски период.

6.4.3 Временските периоди од 6.4.2 соодвествуваат на оние од прифатената програма за подобрување од поглавјето 9 од оваа дозвола.

| **Табела 6.4.2 Граници на емисии во канализација ( нема )** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Параметар** | **Точка на емисија 1** | | **Точка на емисија 2** | | **Фреквенција на мониторинг** |
| | До (датум) | Од (датум) | До (датум) | Од (датум) | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |

Операторот ќе врши мониторинг на параметрите неведени во табела 6.4.3 а и 6.4.3б, на точките на емисија и не поретко од наведеното во таа Табела.

| **Табела 6.4.3а Барања за мониторинг на канализација ( се до и вклучувајќи______________)** | | |
|---|---|---|
| **Параметар** | **Точка на емисија** | **Точка на емисија** |
| | {Наведи ја фреквенцијата и начинот} | - |
| | {Наведи ја фреквенцијата и начинот} | - |
| | {Наведи ја фреквенцијата и начинот} | - |
| | | - |
| | | - |
| | | - |
| | | - |
| | | - |
| | | |
| | | |
| | | - |
| | | - |

| **Табела 6.4.3б Мониторинг на канализација (од _______________)** | | |
|---|---|---|
| **Параметар** | **Точка на емисија** | **Точка на емисија** |
| | | - |
| | | - |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |

6.4.4 Не смее да има емисии во вода од страна на инсталацијата за која се издава дозволата, на било која супстанција препишана за вода за која нема дадено граници во Табела 6.4.2, освен за концентрации кои не се поголеми од оние кои веќе ги има во водата.

6.4.5 Нема да има испуштања на било какви супстанции кои може да предизвикаат штета на канализацијата или да имаат влијание на нејзиното одржување.

## 6.5 Емисии на топлина

6.5.1 Од инсталацијата за која се издава оваа Дозвола нема да има емисии на топлина кои значително ќе влијаат врз животната средина.

## 6.6 Емисии на бучава и вибрации

6.6.1 Емисиите на бучава од локацијата треба да се во согласност со стандардите пропишани со националното законодавство (Одлука за утврдување во кои случаи и под кои услови се смета дека е нарушен мирот на граѓаните).

6.6.2 Операторот ќе врши преглед на бучавата на локацијата на годишно ниво. Програмата за преглед на бучавата треба да се превземе во согласност со најдобрата пракса на ЕУ.

6.6.3 Бучавата од инсталацијата не треба да доведува до зголемување на нивото на звучниот притисок (Leg ,T) мерено на локации кои се осетливи на бучава во инсталацијата, кои ги надминуваат граничните вредност/и дадени во Одлуката за утврдување во кои случаи и под кои услови се смета дека е нарушен мирот на граѓаните од штетна бучава .

| Табела 6.6.3 Гранични вредности за индикатори на бучава | | |
|---|---|---|
| Параметри | Ниво на звучен притисок на граници од инсталацијата ( | Фрекфенција на мониторинг |
| | L (dB) ГВЕ | |
| Lд | 70 | Еднаш годишно |
| Lв | 70 | Еднаш годишно |
| Lн | 60 | Еднаш годишно |

# 7 Пренос до пречистителна станица за отпадни води

| | |
|---|---|
| 7.1 | Инсталацијата не пренесува отпадни води до пречистителна станица. |

# 8 Услови надвор од локацијата

8.1. Операторот е должен во случај на нарушување на амбиенталниот воздух во околината со непосредно влијание од неговата активност и покрај задоволувањето на поставените гранични вредности на емисија, како резултат на отстапување од вобичаените атмосверски движења, да превземе содветни мерки во процесот на производство, а со цел на намалување на создаденото загадување.

8.2. Операторот се задолжува во духот на добар стопанственик да има непосредни контакти со месното население и установите во зоната навлијание на нивните активности, со презентирање на резултати од мерења и активности кои се превземаат за создавање и одржување на прифатливи услови на живеење.

8.3. Расфрлањето на животинскиот отпад треба да се извршува според однапред изготвен план, при што временското растојание помеѓу две расфрлања на иста површина да е поредок од 2 години. Количината на расфрлен животински измет во текот на овој интервал нема да надмине 30 t/ha или количина на азот во текот на една година нема да биде поголем од 25 kg по хектар.

# 9. Програма за подобрување

9.1 Операторот ќе треба да ја спроведе Програма за подобрување, предложена од негова страна со мерки кои се однесуваат на заштита на животната средина.

9.2 Операторот со реализацијата на предвидените активности во програмата за подобрување-Табела 9.1.1 гарантира дека стопанисувањето со инсталацијата нема да има негативно влијание на животната средина.

9.3 Со издавањето на оваа дозвола Операторот не се ослободува од обврската за примена на НДТ и законската регулатива, кои ќе станат активни во периодот на реализација на програмата за подобрување-Табела 9.1.1.

9.4 Документацијата која е основа за реализација на активностите од програмата за подобрување, операторот ќе ја стави на увид на Надлежниот орган за издавање на оваа дозвола, по негово барање.

Програмата за подобрување, предлложенаа од Операторот, ги опфаќа следните активности:

| Табела 9.1.1 : Програма за подобрување | | |
|---|---|---|
| **Ознака** | **Мерка** | **Датум на завршување** |
| 1 | **Едукација и тренинг обука на сите вработени**<br><br>Има за цел да изврши обука на персоналот за заштита на животната средина (ИСКЗ) и безбедност на храна (HASSP). Оваа активност има за цел едукација на персоналот, стекнување со знаења, вештини и искуство за реализација на работните процеси во согласност со Законските барања. | Континуирано |
| 2 | **Намалување на потрошувачката на вода**<br>Вградување на соодветен водомер за контрола на потрошената вода.<br>Воведен план за трошење на вода (режим на користење на вода за испирање).<br>Намалување на потрошувачката на вода за миење и чистење на објектите и опремата. Употреба на шмркови (флексибилни црева со млазници), користење на апарат за миење со вода под притисок.<br>Намалување на потрошувачката на вода за напојување на животните. План за санација на водоводната инсталација за дотур на водата до поилките, замена на нефункционалните поилки, инсталација на посебен филтер за фаќање на механички нечистотии, со цел намалување на можноста за евентуално затнување на дизните на поилките, од ситни делови на песок. | Континуирано |
| 3 | **Реализација на постројка за третман на отпадната вода од кланица и погон за производство на производи од месо**<br>Набавена е пречистителна станица со рото технологија на чистење која работи согласно принциот на СБР постапката ( Sequencing Bath Reactor) , за третман на отпадните води.<br>Станицата се состои од :<br>Механички степен на чистење- прва комора или собирач на фекалии;<br>SBR технологија за биолошко пречистување;<br>Биолошко пречистување- втора комора или аератор; | Реализирано |
| 4 | **Намалување на негативниот визуелен ефект врж животната средина и физичко уредување на просторот**<br>Хортикултурално уредување или озеленување на комплексот. | Континуирано |
| 5 | **Изградба на дополнителна јама за собирање на изметот од фарма**<br>Планирано е јамата да биде со зафатнина од 150 $м^3$ и димензии со должина 10*5м и 3 м висина, истата ќе биде поставена до веќе постоечката јама и каналот за собирање на изметот. Оваа дополнителна јама ќе служи за складирање на изметот, потоа со вертикален сепаратор ќе се врши раздвојување на цврстото ѓубриво од течноста. Течноста потоа ќе оди во микросепаратор за | Крај на 2026 |

| | | |
|---|---|---|
| | дополнително прочистување. Отука водата ќе се складира во друга јама со димензии 4*5*3м односно на 60 м$^2$, од каде истата ќе се користи за наводнување или со дополнително третирање да се испушти во реципиент, додека цврстото ѓубриво ќе се користи за ѓубриво или хумус. | |
| 6 | **Инсталирани фотоволтаици за производство на струја** Набавени се 150kW фотоволтаици за производство на струја и 300kW батерии за складирање на струјата која е произведена од страна на фотоволтаиците. Тие се поставени на крововите од просториите кој се наоѓаат во инсталацијата. Батериите се со сопствено ладење и противпожарен систем.струјата се користи за потребите на инсталацијата. | Реализирано |

# 10 Договор за промени во пишана форма

10.1 Кога својството “или како што е друго договорено на писмено” се користи во услов од дозволата, операторот ќе бара таков договор на следниот начин:

10.1.1 Операторот ќе ѝ даде на Надлежниот орган писмено известување за деталите на предложената промена, означувајќи го релевантниот(те) дел(ови) од оваа дозвола: и

10.1.2 Ваквото известување ќе вклучува проценка на можните влијанија на предложената промена (вклучувајќи создавање отпад) како ризик за животната средина од страна на инсталацијата за која се издава дозволата.

10.2 Секоја промена предложена според условот 10.1.1 и договорена писмено со Надлежниот орган, може да се имплементира само откако операторот му даде на Надлежниот орган претходно писмено известување за датата на имплементација на промената. Почнувајќи од тој датум, операторот ќе ја управува инсталацијата согласно таа промена и за секој релевантен документ што се однесува на тоа, дозволата ќе мора да се дополнува.

10.3 Сите позначајни промени во инсталацијата или работи поврзани со неа, а кои се од типот:

а) Материјална промена или зголемување на :

- природата или количината на било која емисија;
- системите за намалување / третман или преработка;
- опсегот на процесите што се изведуваат;
- горивата,суровините, меѓу продуктите, продуктите или создадениот отпад, или

б) Било какви промени на :

- инфраструктурата на управување со локацијата или контрола со несакано еколошко влијание;
- набавувачите
- кои би имале влијание врз животната средина;

ќе се изведат или ќе се започнат со претходно известување за тоа, и со договор со Надлежен орган.

# Додаток 1

## Писмена потврда за известувања

Овој Додаток ги прикажува информациите што операторот треба да ги достави до Надлежниот орган за да го задоволи условот 5.1.2 од оваа дозвола.

Мерните единици користени во податоците прикажани во делот А и Б треба да бидат соодветни на условите на емисијата. Онаму каде што е можно, да се направи споредба на реалната емисија и дозволените граници на емисија.

Ако некоја информација се смета за деловно доверлива, треба да биде одделена од оние што не се доверливи, поднесена на одделен лист заедно со барање за комерцијална доверливост во согласнот со Законот за животна средина.

Потврдата треба да содржи

### *Дел А*

☐ Име на операторот.

☐ Број на дозвола.

☐ Локација на инсталацијата.

☐ Датум на доставување на податоци.

☐ Време, датум и локација на емисијата.

☐ Карактеристики и детали на емитираната(ите) супстанција(и), треба да вклучува :

- ☐ Најдобра проценка на количината или интензитетот на емисија, и времето кога се случила емисијата.
- ☐ Медиум на животната средина на кој што се однесува емисијата.
- ☐ Превземени или планирани мерки за стопирање на емисијата.

### *Дел Б*

☐ Други попрецизни податоци за предметот известен во Делот А

☐ Превземени или планирани мерки за спречување за повторно појавување на истиот проблем.

☐ Превземени или планирани мерки за исправување, лимитирање или спречување на загадувањето или штетата на животната средина што може да се случи како резултат на емисијата.

☐ Датуми на сите известувања од Делот А за време на претходните 24 месеци.

☐ Име ☐ Пошта.................................

☐ Потпис ☐ Датум

☐ Изјава дека потпишаниот е овластен да потпишува во име на операторот.

# Додаток 2

## Извештаи за податоците од мониторингот

| Извештај | Фреквенција на извештајот | Датум на поднесување на извештајот |
|---|---|---|
| **Годишен Извештај за Животна Средина (АЕР)** | Годишно | до 31-ви март секоја година |
| **Евиденција на инциденти** | Како што се случуваат | Во рок од 5(пет) дена од инцидентот. |
| **Мониторинг на квалитет на воздух** | Годишно | до 31-ви март секоја година |
| **Мониторинг на квалитет на отпадна вода** | Годишно | до 31-ви март секоја година |
| **Распоред на цели и задачи** | На секои 5(пет) години, со годишно ревидирање | 3(три) месеци претходно, пред започнувањето на развојот |
| **Ревизија на употребата на вода** | Годишно | до 31-ви март секоја година |
| **Ревизија за енергетската ефикасност** | годишно | до 31-ви март секоја година |
| **Мониторинг на бучавата** | Годишно | до 31-ви март секоја година |

.